Друштво за производство и промет со земјоделски произв.
АГРОСОФТ извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0302-65
01.08.2025 год
ЛОЗОВО

**ДППЗП АГРОСОФТ извоз-увоз ДООЕЛ, ЛОЗОВО**
**ул. Маршал Тито, бб,**
**Лозово**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / Pranuar | 01-08-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 11-4204/1 | | | |

До

**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање на Република**
**Северна Македонија**
**-Управа за животна средина**
ул.Проштад Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Достава на Известување за намера за изведување на проект – Свињарска фарма на Агрософтдоoел Лозово и Барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина

Почитувани,

Друштвото за производство и промет со земјоделски производи АГРОСОФТ доoел узвоз-увоз Лозово (Тековна состојба во прилог) има намера да реализира проект: Свињарска фарма (Фарма за интензивно свињарство) со капацитет од 3.000 места за свињи-гоеници во еден турнус. Локацијата на свињарската фарма е на територијата на општина Лозово.

Изградбата се планира да се изведе на земјоделско земјиште земено под наем врз основа на склучен договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и по добиено Решение со согласност за градење од истото министерство. За свињарската фарма е изработен Основен проект со фази архитектура, водовод и канализација и електротехника, елаборат за ПП заштита и елаборат за заштита при работа. Основниот проект е ревидиран во редовна законска постапка од овластена ревизорска куќа.

Според проектираниот капацитет, свињарската фарма спаѓа во **Прилог I. Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина** од ,,Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина'' (Сл.весник бр.74/2005).

Во таа смисла, а врз основа на член 80 став (1) и став (2) од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05,24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл.весник на РСМ бр.89/22, 171/22 и 3/25) во прилог на овој допис доставуваме Известување за намера за спроведување на проектот, во обем и содржина согласно ,,Правилникот за информациите што треба да ги содржи известувањето за намерата за изведување на проект и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијание на проектот врз животната средина'' (Сл.весник бр.33/2006 година) во пишана и во електронска форма.

Истовремено, согласно член 81 став (7) од Законот за животна средина доставуваме Барање за определување на обемот на оцената на влијанието на проектот врз животната средина.

Со почит,

Велес
01.08.2025г.

**АГРОСОФТ ДООЕЛ ЛОЗОВО**
Управител
Марија Стојанова

Друштво за производство и промет со земјоделски производи
АГРОСОФТ
извоз-увоз ДООЕЛ
ЛОЗОВО

Scanned with CamScanner